***Еден од старците рекол: Пред се` потребно ни е смиреноумие за да бидеме подготвени на секој збор што ќе го слушнеме да кажеме „прости“, зашто од смиреноумието се кршат сите стрели на лукавиот и завидливецот.***



Да испитаме какво значење имаат зборовите на старецот: зошто тој вели дека пред се` ни е потребно смиреноумие, а не вели дека најнапред треба да се воздржуваме? Бидејќи апостолот вели: „А секој што се бори треба од се` да се воздржува. (1 кор.9,25). Или зошто старецот не рекол дека нам пред се` ни е потребен страв Божји. Зашто во Писмото е кажано: „Почеток на мудроста е стравот од Господа“( Пс. 110,10) и одново: „Со страв Божји нека се отклони секој од зло“. Зошто не вели дека најнапред ни треба милостина или вера? Зашто кажано е: „Со милостината и верата се очистува гревот“, апостолот, пак, вели: „А без вера не може да се угоди на Бога“ (Евр. 11,6). Според тоа, ако без вера не може да Му се угоди на Бога, а со милостината и верата се очистуваат гревовите, и ако со стравот Божји се отстранува секое зло, а почеток на мудроста е стравот од Господа, и секој кој се бори треба да се воздржува од се`, како тогаш старецот вели дека пред се` потребно ни е смиреноумие. „Ете зошто – вели тој - пред се` ни е потребно смиреноумието, за да можеме на секој збор што ќе го чуеме да кажеме „Прости“, зашто од смиреноумието се кршат стрелите на лукавиот и противникот. Ете гледате, браќа колку е голема силата на смиреноумието, видете какво дејство има зборот „Прости“.

А зошто ѓаволот не се нарекува само непријател (душман) туку и противник? Непријател се нарекува затоа што е човекомрзец, мразител на доброто и клеветник. Противник се нарекува, пак, затоа што настојува да го попречува и спречува доброто дело: ако некој сака да се помоли, тој му се спротивставува со лоши спомени, поробување на умот и со униниja. Ако некој сака да даде милостина, тој тоа го спречува со среброљубие и скржавост. Намерава ли некој да бдее, тој му попречува со мрзливост и немарност и така тој ни се спротивставува во секое дело, кога сакаме да направиме нешто добро.

Поради тоа тој не се нарекува само непријател, туку и противник.

А со смиреноумието се уништува секое оружје на врагот и противникот. Зашто навистина е големо смиреноумието, и по неговиот пат одел секој светител, а со трудот го скратувал својот пат, како што вели Псалмопеецот: „Види го смирението мое и трудот мој и прости ми ги сите гревови мои“ (Пс 24,18) и „Се понизив и ме спаси“ (Пс114,6). Всушност, смирението и само смирението може да не` воведе во Царството, но само полека, како што рекол старецот авва Јован. И така, да се смириме и ние малку и ќе бидеме спасени. Ако ние, како немоќни, не можеме да се трудиме, тогаш да настојуваме да се смириме, со вера дека за тоа малку што го направиме со смирение, по милоста Божја ќе бидеме и ние во местото на светиите, кои многу повеќе се потрудија служејќи Му на Бога.

Иако сме немоќни и не можеме да се трудиме, зар не можеме да се смириме. Блажен е оној кој има смирение, зашто тоа е големо!

Вака еден од светите, исто толку добро го претставил оној кој има вистинско смирение: „Смирениот на никого не се гневи и никого не разгневува, и го смета тоа (гневот) потполно туѓ на себе. Големо е, како што рековме, смирението, зашто тоа самото се спротивставува на празната слава (суетата) и го чува човекот од неа. А зарем не се гневат исто така заради имот или заради храна? Па како тогаш старецот вели дека смирението на никој не се гневи и никого не разгневува.

Смирението е големо, како што рековме, и силно ја привлекува на душата благодатта Божја. А, благодатта Божја, кога ќе дојде, ја чува душата од двете тешки, горе спомнати страсти. Оти што може да биде потешко од тоа да се гневиме и да го разгневуваме ближниот? Како што и некој рекол: „На монасите воопшто не им е својствено да се гневат, како и да ги разгневуваат другите“. Зашто, навистина, ако таквиот (т.е. оној кој се гневи и разгневува на другиот) набрзо не се покрие со смиреноумие, тогаш тој малку по малку ќе запаѓа во демонска состојба (на злите духови) притоа смутувајќи ги другите, а и самиот себеси. Тоа е така затоа што смирението не се гневи и не ги разгневува другите. Но, што зборувам јас, како смирението да чува само од овие две страсти, па тоа ја чува душата од секоја страст и од секое искушение.

Кога Св. Антониј ги видел раширени сите мрежи на лукавиот, и воздивнувајќи Го прашал Бога: „Па кој може да ги избегне?“- тогаш Бог му одговори: „Смирението ќе ги избегне“ и

што е уште почудно, додал: „Тие дури нема ни да се допрат до него“. Ја гледаш ли благодатта на оваа добродетел?

Навистина нема ништо посилно од смиреноумието, и тоа на се` одолева. Ако на смирениот му се случи нешто неволно, тој во истиот миг се обраќа кон себе, веднаш се осудува себеси како достоен за тоа и нема да почне да прекорува некого, нема да го обвинува другиот. И така, она што му се случува го поднесува без немир, без жалост, со потполно спокојство и затоа не се гневи и никого не разгневува. И така, добро рекол светиот, дека пред се` ни е потребно смиреноумие.

Има два вида смирение, како што се и двата вида на гордост.

Првата гордост е кога некој го прекорува братот, кога го осудува и посрамува, како овој ништо да не вреди, а себе си се става многу повисоко од него. Ако таквиот не се вразуми наскоро и ако не се потруди да се поправи, тогаш малку по малку тој запаѓа во другата гордост, така што се возгордева и пред самиот Бог, и подвигот и доблестите свои си ги припишува на себе, а не на Бога, како самиот од себе да ги направил, со својот разум и труд, а не со Божја помош.

Навистина, браќа мои, знам еден кој некогаш паднал во ваква бедна состојба. Отпрвин, кога некој од браќата ќе му кажеше нешто, тој го понижуваше и возвраќаше: „Што вреди тој и тој“? „Нема никој достоен освен Зосим и сличните на него“. Потоа почна и овие да ги смета за никакви и да зборува: „Нема никој по достоен освен Макариј“. Па не помина многу почна да зборува: „Кој е Макариј?“ Нема никој достоен освен Василиј и Григориј“. Но, наскоро почна и нив да ги оцрнува, велејќи: „Кој е тој Василиј и кој е тој Григориј? Нема никој достоен освен Петар и Павле“. А јас му велев: „Навистина, брате наскоро и нив ќе почнеш да ги понижуваш“. И верувајте ми, по извесно време, тој почна да зборува: „Кој е Петар? И кој е Павле? Никој ништо не вреди освен Света Троица“. И најпосле се возгордеа и пред самиот Бог, и така, се симна од умот. Токму заради тоа, должни сме и ние, браќа мои, да се подвизуваме со сета своја сила против првата гордост, за малку-помалку да не западнеме во другата, односно во потполната гордост.

Гордоста може да биде овосветска (световна) и монашка.

Световната гордост е кога некој се вознесува пред братот, истакнувајќи дека е побогат и поубав од него, или дека носи подобра облека од него, или дека е поблагороден од него. Значи, кога ќе видиме дека се фалиме со овие предности, или со тоа што нашиот манастир е поголем или побогат од други, или, пак, дека во него има повеќе браќа, тогаш треба да знаеме дека се` уште се наоѓаме во овосветската (световна) гордост.

***Бигорски Манастир***